Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 79, 1 мај 2012 година

мај 2012 година
Штип

## С О Д Р Ж И Н А


**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област земјоделско инженерство на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област генетика и селекција на растителното производство на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 10

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник во звање асистент за научната област педологија на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 21

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник во звање асистент за научната област економика на земјоделството и развој на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 26

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во звање асистент за научната област хемија на земјиштето на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 31

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник во звање асистент за научната област генетика и селекција на растителното производство на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 37

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната уметничка област џез саксофон на Факултет за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 44

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научната област математика на Факултет за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 48

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник (асистент) за наставно-научната област граѓанско право на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 52

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област елементарно образование (системи и методи) на Факултет за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 57

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник за наставно-научната област историја на економската мисла на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 75

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички труд одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 99



Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

## Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА УМЕТНИЧКА ОБЛАСТ ЏЕЗ САКСОФОН НА ФАКУЛТЕТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Наставно-научниот совет на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип на седницата одржана на 16 март 2012 година донесе Одлука 1902-102/6 за распишување на Конкурс за избор на ***наставник во сите звања*** за наставно-научната уметничка област ***џез саксофон*** на Факултетот за музичка уметност.

На 16 март 2012 година Наставно-научниот совет донесе Одлука број 1902-122/3 за формирање на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите звања за наставно-научната уметничка област џез саксофон на Факултетот за музичка уметност, во следниов состав:

- вон.проф. м-р Кирил Рибарски;
- вон. проф. Илија Пејовски;
- вон. проф. д-р Илчо Јованов.

По разгледувањето на поднесената документација, Рецензентската комисија го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На распишаниот Конкурс на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“, објавен во дневниот весник „Дневник“ на 15 февруари 2012 год., за избор на наставник во сите звања за наставно-научната уметничка област џез саксофон се пријави само еден кандидат: м-р Ѓорѓи Мицанов.

Критериумите за избор на наставник во сите звања наведени во Конкурсот беа следниве: кандидатот треба да има завршено високо образование од втор степен, како и да ги исполнува останатите услови наведени во член 127 од Законот за високото образование и Правилникот за единствените критериуми и постапка за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Потребните документи за кандидатура за избор, наведени според Конкурсот, беа следниве:

- пријава;
- диплома за завршено соодветно образование, одбранет магистерски/докторски труд;
- кратка биографија;
- потврда дека се служи со еден од светските јазици;
- список на објавени уметнички и стручни трудови/концерти;
- уверение за државјанство;
- изјава-образец 1 од Комисијата за верификација на факти и копија од изјавата со потврда за прием од Комисијата.

Преглед на приложени документи на пријавениот кандидат:
Кандидат: м-р Ѓорѓи Мицанов
Пријава: има
Диплома за завршено соодветно образование, одбранет магистерски/докторски труд: има
Потврда за странски јазик: има
Кратка биографија: има
Список на трудови/концерти (член 127): има
Уверение за државјанство: има
Изјава-образец 1 од Комисијата за верификација на факти и копија: има

***Биографски податоци***

Кандидатот **м-р Ѓорѓи Мицанов** е роден во Штип, каде што го започнува своето музичко образование на десетгодишна возраст. Музичките студии ги комплетира на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Краток период студира и на прочуената Џез академија во Грац, Австрија, кај професорот Карлхајнц Миклин. Специјализира џез саксофон на академијата Панчо Владигеров во Софија и магистрира на Оделот по џез студии, насока Џез саксофон, на УГД - Штип под менторство на професорот Влајо Влајов.

Со своите музички состави, но и како член на танцовиот оркестар на МРТВ - Скопје и редица реномирани џез ориентирани состави, како Пасквелија, Леб и Сол, Џезва и др. остварува голем број концертни настапи на реномирани фестивали и концертни сали во Македонија и надвор од неа.

***Наставно-образовна дејност и стручно-уметнички активности***

Од 2007 година работи како професор по џез саксофон,џез ансамбл и џез импровизација. Сам ги пишува аранжманите на веќе познати стандарди, но и на сопствените композиции и структурално ги приспособува за потребите на ансамблите. Со студентите и колегите секоја година настапува на Саемот на универзитите во Скопје. Исто така, редовно настапува на новогодишните и завршните концерти при факултетот, како и на годишните турнеи за презентирање на УГД ширум Македонија. За презентирање на сопствената работа и работата на Одделот за џез и класика при УГД, со професорот Кирил Рибарски, летото 2008 год., по првата учебна година одржуваат концерти во Штип, Куманово и во Велес. Истите се во склоп на тамошните културни лета.

Како џез композитор и аранжер има своја композиција со име „Џез” и на „Макфест” во 2007 година во изведба на „Катерина бенд“. Во 2009 година „Џез вечер“ со „Катерина бенд“ на Гевгелиско културно лето. На 8 октомври истата година целовечерен концерт на „Интерфест” - Битола. Дел од програмата е со студентите и колегите од УГД, а другиот дел со „Катерина бенд“.

Во мај 2010 година, настап на „Астибо џез фестивал”, придружуван од Тони Китановски, Алек Секуловски и Иван Бејков.

Во декември 2010 година, Хуманитарен концерт во Штип, со Катерина Мицанова, заедно со врвни имиња на класичната и етно музиката.

Вреден за споменување е и проектот „Чарли Паркер” со Аљоша Симјановски во склоп на кој секоја година се одржува барем по еден концерт во клубовите во Македонија и во Србија. Последниот беше во Битола.

На неодамнешниот Џез фестивал во Кикинда, Србија, 2011 година (ноември) настапи со Balkan Jazz Collective. Има многу настапи низ џез клубови во Грција, Македонија и во Србија.

За потребите на својата работа на факултетот, како прирачник за своите студенти има напишано скрипта. Од 2011 година предава на втор циклус постдипломски студии по предметот Напредни техники на импровизација и џез ансамбл.

***Стручно-апликативна дејност***

М-р Ѓорѓи Мицанов е редовен член на ННС и на комисиите на Факултетот за музичка уметност во Штип за приемни испити, завршни испити и признавање на испити. Мицанов редовно учествува и во изготвувањето на наставните програми на Катедрата по џез студии при Факултетот за музичка уметност, согласно со промените на ЕКТС од основањето на Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип.

Мицанов во периодот 2007-2011 е шеф на Катедрата по џез студии.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Од целокупната наведена активност на кандидатот м-р Ѓорѓи Мицанов, детално е претставено дека ги исполнува сите предвидени услови за избор во звањето вонреден професор за наставно-научната уметничка област *џез саксофон* на Факултетот за музичка уметност, наведени во членот 127 од Законот за високото образование и Правилникот за единствените критериуми за постапка за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип. Кандидатот поседува докажани и континуирани способности за развивање на наставно-образовната дејност, за стручно-уметничките активности преку активно концертирање и за организационо-развојните дејности на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип. Поради претходно наведеното, чест ни е како Рецензентска комисија да му предложиме на Наставно-научниот уметнички совет на ФМУ да го усвои нашиот предлог - кандидатот **доцент м-р Ѓорѓи Мицанов да го избере за наставник во звањето вонреден професор за наставно-научната уметничка област *џез саксофон* на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. м-р Кирил Рибарски, вон. проф. с.р.**
**Проф. Илија Пејовски,вон. проф. с.р.**
**Проф. д-р Илчо Јованов, вон. проф. с.р.**

### П Р И Л О Г

**Табела за вреднување на м-р Георѓи Мицанов, според критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип**

| **Вид на активност** | **Број** | **Поени** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| **Наставно-образовна дејност** | | | |
| Позитивно рецензирана скрипта/практикум | 1 | 8 | 8 |
| Учество во образовна РТВ програма | 2 | 0,5 | 1 |
| Раководител на студент на манифестација | 10 | 2 | 20 |
| Предавања | | | 20 |
| Вежби | | | 8 |
| **Вкупно** | | | **57** |
| **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | | | |
| Музички настап на официјален концерт | | | |
| Интернационален фестивал, ИНТЕРФЕСТ - Битола | 1 | 3 | |
| Интернационален фестивал, АСТИБО ЏЕЗ - Штип | 2 | 3x3 | |
| Во чест на Чарли Паркер, МКЦ - Скопје, Порта џез - Битола | 2 | 2x3 | |
| Културно лето - Свети Николе, Куманово, Штип | 3 | 3x3 | |
| Хуманитарен концерт - Штип | 1 | 3 | |
| **Вкупно** | | | 27 |
| Музички настап на официјален концерт во странство | | | |
| Интернационален фестивал, JAZZ AND BLUES FESTIVAL-KI-KINDA | 1 | 4 | 4 |
| **Вкупно** | | | |
| Одбранета магистерска работа | 1 | 4 | 4 |
| **Вкупно** | | | **35** |
| **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | | | |
| Член на факултетски орган/комисија | 3 | 2 | 6 |
| Член на ННУС | 1 | 2 | 2 |
| **Вкупно** | | | **8** |
| **ВКУПНО (НО, НИ+СУ, СА+ОР)** | | | **100** |